Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19,1/21,11/25,13/25 И 04/26) постапувајќи по барање на **СКРИН МЕДИА ДООЕЛ** за кастрење на дрва Градоначалникот на Град Скопје, донесе

# РЕШЕНИЕ

1.**СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 82(осумдесет и две) дрва (37 липи, 8 јавори, 6 каталпи, 5 јасени, 4 багреми, 4 колреутерии, 3 дудинки, 3 чемпреси, 2 ореви, 2 туји, 2 копривки, 2 магнолии, платан, кедар, лириодендрон и кисело дрво) што се наоѓаат на **ул."М.Т.Гологанов",ул."Филип Втори Македонски", ул."Даме Груев", бул."Кочо Рацин", бул."Илинден",ул."Васил Ѓоргов", ул."Козле", ул."Св.Кирил и Методиј", бул."Климент Охридски", бул."Јане Сандански", бул."АСНОМ", бул."Србија", бул."Т.М.Бригада" и бул."Партизански одреди" - Скопје.**

2.Кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје најдоцна во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението.

3.Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**СКРИН МЕДИА ДООЕЛ , ул."101" бр.15 Желино,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/383** од **11.05.2026** година за кастрење на дрвата што се наоѓаат на **ул."М.Т.Гологанов",ул."Филип Втори Македонски", ул."Даме Груев", бул."Кочо Рацин", бул."Илинден",ул."Васил Ѓоргов", ул."Козле", ул."Св.Кирил и Методиј", бул."Климент Охридски", бул."Јане Сандански", бул."АСНОМ", бул."Србија", бул."Т.М.Бригада" и бул."Партизански одреди" - Скопје.**

Службено лице од Град Скопје и службеникот од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.

Утврдено е дека дрвата предмет на барањето имаат неуредни крошни и широко разгранети гранки коишто ја попречуваат видливоста на билбордите.

Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило дека зеленилото е во состојба што треба да се искастри па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/383/2**
**25.08.2026** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

____________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

____________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

____________________

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT-SHKUP